**З А П И С Н И К**
**од Триесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.10.2017 година**

**Скопје, октомври 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и втората седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 19.10.2017 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика.
На седницата присуствуваа и Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, Марија Бошковска Јанковски, директор на Централен регистар на Република Македонија, Љупчо Давчев, директор на Институтот за стандардизација на Република Македонија, Јулијана Андонова од Агенцијата за филм на Република Македонија, Андон Бојаџи, директор на ЈУ Национален парк „Галичица“, Кристијан Трајковски, директор на АД за изградба и стопанисување со станбениот простор и со деловниот простор од значење за Републиката - Скопје, нотар Златко Николовски и Миѓен Селмани, директор на АД М-НАВ - Скопје.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата на Република Македонија Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 25-та, 28-та и 31-та седница на Владата, одржани на 29.8, 19.9 и 10.10.2017 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција
  - Информација за подготовка на оценска мисија на Европската комисија базирана на предмети во областа на висок профил на корупција, организиран криминал и перење пари, која ќе се одржи во декември 2017 година

- Информација за промена на насловот на Програмата за Анализа за спроведување на Рамковниот договор во Одбележување на годишнината на Албанската азбука

- Информација за утврдување на мерки за времено згрижување на затекнатите лица „под Кале“, со Предлог-одлука

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1\. Информација за постапување по предмети за настанати штети на движен и недвижен имот на подрачјата на Скопскиот и Тетовскиот регион заради зголемен обем на врнежи и поплави

2\. Информација за склучен Протокол помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Федералната царинска служба (Руската федерација) за размена на документи и информации поврзани со царинска вредност на стока која се разменува меѓу Република Македонија и Руската Федерација и Работен план за соработка помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Федералната царинска служба (Руска Федерација) за спречување на царински прекршоци

3\. Информација за донесување на Финансиски план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Македонија за 2017 година, со Предлог-одлука

4. Информација со Извештај за шест месеци за работата на Агенцијата за филм на Република Македонија, за период од 1.1.2017 година до 30.6.2017 година

5. Извештај за работа на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2016 година

6. Информација за давање согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - Прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица", со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во Св. Наум, со Предлог-одлуки

7. Информација во врска со склучување на договор за вработување по однос на преземената обврска од Договорот за уредување на односите меѓу АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и извршниот член на Одбор на директори

8. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. „Партизански одреди" бр.153/1-11 во Скопје

9. Информација за јули 2017 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај"; „50% попуст за ученици и студенти"; „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај"; „Средношколска среда"; „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај"

10. Барање за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука

11. Годишен извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за 2016 година, со Извештај од независен ревизор, со Предлог-одлуки

12. Информација во врска со можностите и активностите што треба да се преземат во Агенцијата за храна и ветеринарство за воведување на 24/7 функционирање на инспекциските служби на сите граничните премини

13. Информација со ажуриран Акциски план за категоризација на одгледувалишта на молзни грла според ризик со унапредување на квалитетот на сировото млеко

14. Предлог-програма за изменување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година

15. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на ЈЗУ Институт по белодробни заболувања Козле и Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Агенција за управување со одземен имот

**б) економски систем и тековна економска политика**

16. Информација за спорот помеѓу компанијата НДИ од Полска со АД Гранит Скопје со најава за спор против Република Македонија

17. Информација за давање согласност за физичка делба на идеален дел од движен имот стекнат во стечајната постапка над АД за Полјоделство 14 Септември - Свети Николе, сосопственост на Република Македонија, корисник Министерство за финансии

18. Информација со предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии по спогодбите/договорите за економска/ трговска соработка со владите на одделни земји, со предлог-решенија

19. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Остреж“ Општина Македонски Брод и Општина Долнени, со Предлог-одлука

20. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Долна Краста“ Општина Дебарца, со Предлог-одлуки

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна индустрија КО Мислешево-вон. г.р., Општина Струга, со Предлог-одлука

22. Информација во врска со спроведувањето на електронскиот испит по ловство, рибарство и процена на тутун

23. Информација за реализација на ИПА проектот „Изработка на студии (FS, CBA), проектна документација и волум 3, 4 и 5 од тендерската документација за инвестициски проект за собирање на отпадните води во Општина Кичево“

24. Информација за измена на одобрение за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Третман на отпадни води во Кочани“

25. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Албанија за Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија за 2015 - 2017 година, за алокацијата за 2017 година - ИПА 2017/038-164, со усогласен текст на Спогодбата

26. Информација за одржан Тринаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, што се одржа на 25.4.2017 година во Брисел

**в) политички систем**

27. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2016/1897 на Советот од 27 октомври 2016 година за

спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука

28. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2016/1985 на Советот од 14 ноември 2016 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука

29. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/496 на Советот од 21 март 2017 година за изменување на Одлука 2011/172/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Египет, со Предлог-одлука

30. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/1341 на Советот од 17 јули 2017 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука

31. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 на Советот од 31 јули 2015 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и за укинување на Одлука 2011/137/ЗНБП, со Предлог-одлука

32. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/1245 на Советот од 10 јули 2017 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука

33. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/621 на Советот од 31 март 2017 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, со Предлог-одлука

34. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/607 на Советот од 29 март 2017 година за изменување на Одлука 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Босна и Херцеговина, со Предлог-одлука

35. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со Нацрт - текст на Протокол

36. Информација за КП 5310/1 КО Центар 1

37. Информација за ИПА 2012 Рамковен договор проект „Изработка на физибилити студија и техничка спецификација за набавка на опрема за институциите од областа на правда и внатрешни работи"

38. Информација за одржан Тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Република Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 14 март 2017 година, во Брисел

39. Информација со Предлог-одлука за повлекување на барања за извршување спрема припадници на Армијата на Република Македонија

40. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот мај-јуни 2017 година

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

41. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2018 година

42. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2017 година

43. Информација за активностите во насока на имплементација на клучните мерки под димензијата Антикорупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020

44. Информација за потпишаниот Протокол од Петтото заседание на македонско - кинеска комисија за научна и технолошка соработка

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

45. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Галабовец-Бела Пола” Општина Прилеп

46. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот „Галабовец - Нови Присад“, Општина Прилеп од Трговското друштво за производство, трговија и услуги ОРТО МЕРМЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер ФИМАР БАЛКАН АД Скопје

47. Предлог-одлука за одбивање на Барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија, производство, услуги и угостителство „ТУРНИ“ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево за деловната просторија на ул. „Булевар Ослободување“ бр. 1, Кичево

48. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „ПУБЛИК БЕТ СПОРТ“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Наум Наумовски Борче“ бр.50/1, Скопје - центар

49. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување игри на среќа „ДЕЛТА БЕТ“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул. „Бул. Партизански Одреди“ бр.111/1-2 во Скопје

50. Предлог-одлука за остварување на право на користење на службено возило на претседателот на Владата на Република Македонија на кој му престанала функцијата

**б) политички систем**

51. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „MILEX-2017“ во Обединетото Кралство

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Делчево, Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Скопје, Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Радовиш, Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Кавадарци и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Гевгелија

53. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Здружението - Национален комитет на Меѓународниот Совет за споменици и локалитети - ИКОМОС во Македонија - Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

54. Предлог-закон за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

55. Предлог-закон за изменување на Законот за заштита од пушењето, по скратена постапка, предложен од група пратеници

56. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија

57. Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид

58. Барање за давање на автентично толкување на член 8 став 1 од Законот за финансиска дисциплина, поднесено од пратеникот Хари Локвенец

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

59. Иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.68/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 точка 9 потточка 2, член 18 став 2 точка 1, поднасловот „Законски застапник, ортак и привремен старател на оставина“, член 21, поднасловот „Постапка за утврдување на даночна гаранција“ и член 83 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006, 105/2009, 133/2009, 145/2010, 171/2010, 53/2011, 39/2012, 84/2012, 187/2013, 15/2015 и 23/2016)

60. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015 и 27/2016), поднесена од Адвокатско друштво Тошиќ и Јефтиќ од Скопје

61. Понуда за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 10140 за КО Сарај на КП бр. 13139, доставена од нотар Симон Зафировски од Скопје

62. Понуда за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.143 за КО Бардовци на КП 2126, место викано Село, од нотар Лазар Козаровски од Скопје

63. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.9868 за КО Сарај на КП бр.11801, викано место улица Сарај

64. Понуда од нотар Симон Зафироски од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, со Имотен лист бр.44607 за КО Кисела Вода 2 на КП 6760

65. Понуда доставена од нотар Иво Серафимоски од Тетово за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.35134 за КО Тетово на КП бр.13542

66. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.6996 за КО Штип 1 на КП бр.1354/2 и КП бр. 1354/3 в.м. Дерман Чифлик

67. Понуда од нотар Махир Зибери Скопје за продажба на недвижен имот, со имотен лист бр.6489 КО Волково на КП бр.1894

68. Известување од извршител Антончо Коштанов именуван за подрачјето на Основниот суд Скопје 1 и Скопје 2 за Заклучок за прва усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), доставен под И.бр.489/16, од 30.8.2017 година, Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), доставен под И.бр.489/16, од 29.9.2017 година, со Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став (4) од Законот за извршување) доставен под И.бр.489/16, од 26.9.2017 година

69. Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) под И бр.206/16, доставен од извршител Игор Ромевски од Скопје

**д) други предлози**

70. Кадровски прашања

71. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

72. Информација за пројавен интерес за користење стручна помош од странски експерти на третиот Јавен повик на проектот „Странски експерти за домашни компании“

73. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани“

74. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за иницијативи за склучување на билатерални спогодби, меморандуми за разбирање и соработка во воздушниот транспорт со воздухопловните власти на земјите од Европската Унија и светот

75. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот - Изградба на карго аеродром во Штип

76. Информација за реализација на проектот Спортска академија за периодот јануари - август 2017 година

77. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот "Стипендии на средношколци кои ќе освојат награда на научна олимпијада" јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни олимпијади (International Science Olympiad), (од 23.9.2016 до 31.8.2017 година)

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

78. Информација за именување на нов шеф на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО - (Група на држави против корупција) на Совет на Европа, со Предлог-решенија

79. Предлог-одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици Роми запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2017/2018 година

80. Информација за изнаоѓање на решение за состојбите во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, во државна сопственост

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записниците од 25-та, 28-та и 31-та седница на Владата, одржани на 29.8, 19.9 и 10.10.2017 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на оценска мисија на Европската комисија базирана на предмети во областа на висок профил на корупција, организиран криминал и перење пари, која ќе се одржи во декември 2017 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи и Секретаријатот за европски прашања да определи индикативна предлог-листа на предмети и пропратна документација, согласно критериумите на Европската комисија и истата да ја достави до Европската комисија, најдоцна до 20 октомври 2017 година преку Секретаријатот за европски прашања.

2. Врз основа на Листата на предмети која ќе ја достави Европската комисија на 24 октомври 2017 година, се задолжува Министерството за правда, во соработка со другите надлежни институции да го пополни Образецот (Прилог 3) доставен од Европската комисија за секој селектиран случај и соодветната дополнителна документација на англиски јазик и да го достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 7 ноември 2017 година.

- **Информација за промена на насловот на Програмата за Анализа за спроведување на Рамковниот договор во Одбележување на годишнината на Албанската азбука**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на насловот на Програмата за Анализа за спроведување на Рамковниот договор во Одбележување на годишнината на Албанската азбука, како материјал за информирање.

- **Информација за утврдување на мерки за времено згрижување на затекнатите лица „под Кале“, со Предлог-одлука**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за утврдување на мерки за времено згрижување на затекнатите лица „под Кале“, со Предлог-одлука.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по предмети за настанати штети на движен и недвижен имот на подрачјата на Скопскиот и Тетовскиот регион заради зголемен обем на врнежи и поплави и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат институциите кои имале членови во состав на претходната Комисија, именувани со решение број 42-17/46 од 7.8.2016 година да достават документација и податоци за доставени барања за надомест на штета и висина на исплата на средства, како надомест на штета за лицата кои се наведени во текстот на информацијата во рок од 15 дена.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, доколку располага со документација и податоци за наведените лица да ги достават до Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата на недвижниот и движен имот на подрачјата на Скопскиот и Тетовскиот регион, заради зголемен обем на врнежи и поплави.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за склучен Протокол помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Федералната царинска служба (Руската федерација) за размена на документи и информации поврзани со царинска вредност на стока која се разменува меѓу Република Македонија и Руската Федерација и Работен план за соработка помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Федералната царинска служба (Руска Федерација) за спречување на царински прекршоци, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Финансиски план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Македонија за 2017 година, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата со Извештај за шест месеци за работата на Агенцијата за филм на Република Македонија, за период од 1.1.2017 година до 30.6.2017 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 5**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - Прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица“, со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во Св. Наум, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-483 од 22.8.2017 година),

2. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-484 од 22.8.2017 година),

3. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-485 од 22.8.2017 година),

4. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-486 од 22.8.2017 година),

5. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-487 од 22.8.2017 година),

6. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-488 од 22.8.2017 година) и

7. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-489 од 22.8.2017 година), во предложените текстови.

## Точка 7

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со склучување на договор за вработување по однос на преземената обврска од Договорот за уредување на односите меѓу АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и извршниот член на Одбор на директори.

## Точка 8

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. „Партизански одреди“ бр.153/1-11 во Скопје, за првата седница на Владата, по завршувањето на изборниот процес, откако претходно предлагачот ќе го усогласи текстот на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. „Партизански одреди“ бр.153/1-11 во Скопје (донесена од Одборот на директори бр.02-5219/5-3 од 19.5.2017 година), согласно укажувањата од Секретаријатот за законодавство, во насока податокот за бројот на катастарска парцела на која се запишани предметните недвижности биде дополнет во истата, која да биде донесена од Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. „Партизански одреди“ бр. 153/1-11 во Скопје да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за јули 2017 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“; „50% попуст за ученици и студенти“; „Бесплатен четврток за студенти во железнички

патнички сообраќај“; „Средношколска среда“; „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, како материјал за информирање.

## Точка 10

Владата по Барањето за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје (нов текст), која предлагачот номотехнички да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Македонски железници Транспорт АД - Скопје.

3. Се задолжува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со ресорните министерства (Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Министерството за економија.) да подготви информација до март 2018 година со соодветни препораки, насоки и предлози за можностите за решавање на проблемите во железничкиот сектор во Република Македонија [Македонски железници Транспорт АД - Скопје, Јавно претпријатие Македонски железници - Инфраструктура, Друштвото Фабрика за шински возила ВЕЛЕС ДООЕЛ Велес (Колска Велес)].

## Точка 11

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за 2016 година, со Извештај од независен ревизор, со Предлог-одлуки и притоа заклучи да ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски извештај со завршната сметка за 2016 година, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работа за 2016 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, во врска со доставената Предлог-одлука за распределба на добивката по Годишната сметка за 2016 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје и Предлог-одлуката за зголемување на основната главнина од средствата на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, Владата согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии, го задолжи АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје да ја извести Европската банка за обнова и развој дека намерата на Владата е остварената добивка од ова акционерско друштво да биде распределена како дивиденда во Буџетот на Република Македонија, но сепак согласно договорот за заем од 11.000.000,00 евра склучен помеѓу Друштвото и оваа меѓународна банка да се побара одговор во врска со ова прашање.

По добивањето на одговорот од Европската банка за обнова и развој, АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје да ја извести Владата, а Владата да заземе став по носењето на овие две Предлог-одлуки.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можностите и активностите што треба да се преземат во Агенцијата за храна и ветеринарство за воведување на 24/7 функционирање на инспекциските служби на сите граничните премини, како материјал за информирање.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со ажуриран Акциски план за категоризација на одгледувалишта на молзни грла според ризик со унапредување на квалитетот на сировото млеко и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати ажурираниот Акциски план за категоризација на одгледувалишта на молзни грла според ризик, за унапредување на квалитетот на сировото млеко.

2. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство на секои шест месеци да ја информира Владата за текот на активностите на спроведување на планот.

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ги донесе :

Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на ЈЗУ Институт по белодробни заболувања Козле, во предложениот текст.

Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Агенција за управување со одземен имот, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за спорот помеѓу компанијата НДИ од Полска со АД Гранит Скопје со најава за спор против Република Македонија и притоа заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Државното правобранителство на Република Македонија и Секретаријатот за законодавство да ги разгледаат материјалите кои се доставени до Министерството за финансии и да подготват и најдоцна до 27 октомври 2017 година до Владата да достават конкретно предлог-решение во врска со ова прашање.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за физичка делба на идеален дел од движен имот стекнат во стечајната постапка над АД за Полјоделство 14 Септември - Свети Николе, сосопственост на Република Македонија, корисник Министерство за финансии, ја усвои Информацијата и го овласти Министерството за финансии во име на Република Македонија за движниот имот кој го има во сосопственост Република Македонија - Министерство за финансии, со други физички и правни лица, согласно Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010), преку законскиот застапник да поведе судска постапка за физичка делба со јавна продажба.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии по спогодбите/договорите за економска/трговска соработка со владите на одделни земји, со предлог-решенија (најнов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за именување на министерот за економија, м-р Крешник Бектеши за претседател на македонскиот дел на мешовити тела согласно договорите и спогодбите, со следново дополнување:

- Во член 1, после алинеја 6 се додава нова алинеја 7 која гласи „Мешовитата комисија по Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за трговска и стопанска соработка“.

2. Го донесе Решението за именување на заменикот на министерот за економија, м-р Кире Наумов за претседател на македонскиот дел на двете мешовити тела согласно договорот и меморандумот, во предложениот текст.

3. Го донесе Решението за именување на државниот секретар во Министерството за економија, Зоран Павловски за претседател на македонскиот дел на мешовити комисии согласно договорите и спогодбите, со следнава измена: во член 1 да изостане алинеја 4.

Истовремено, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се усогласи со Министерството за надворешни работи и за наредната седница на Владата да предложи соодветен акт со кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски ќе се именува за претседател на македонскиот дел на мешовити тела согласно договор и спогодба со Руската Федерација.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Остреж“ Општина Македонски Брод и Општина Долнени, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Долна Краста“ Општина Дебарца, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна индустрија КО Мислешево-вон. г.р., Општина Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна индустрија КО Мислешево-вон. г.р., Општина Струга, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведувањето на електронскиот испит по ловство, рибарство и процена на тутун (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:
1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да изготви соодветни измени во Законот за ловството и Законот за рибарство и аквакултура во насока на поедноставување на процедурата и постапката за спроведување на ловечкиот испит, испитот за добивање уверение за рибочувар и испитот за добивање на уверение за вршење стопански риболов и истите во рок од 60 дена да ги достави до Владата.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да изготви соодветни измени во новиот Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи, кој е во постапка на изработка и да вгради одредби со кои би се поедноставила постапката за спроведување на испитот за добивање лиценца за процена на тутун и истиот во рок од 60 дена да го достави до Владата.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на ИПА проектот „Изработка на студии (FS,CBA), проектна документација и волум 3, 4 и 5 од тендерската документација за инвестициски проект за собирање на отпадните води во Општина Кичево“ и ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до крајот на октомври 2017 година, да ја финализира ИПА апликацијата за проектот „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Кичево“ и да ја достави до Секретаријатот за европски прашања, со барање истата да се достави до Делегацијата на Европската Унија во Скопје.

2. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, најдоцна до втората недела на

ноември 2017 година да ја достави ИПА апликацијата за проектот „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Кичево“ до Делегацијата на Европската Унија во Скопје, со барање истата да се достави на одобрување во Европската комисија во Брисел.

3. Се препорачува на Општина Кичево и Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ - Кичево, да ги преземат сите потребни мерки за издавање на одобрение за градба и експропријација на земјиштето пред објавувањето на тендерот за избор на изведувач на Инвестицискиот проект, најдоцна до 31 декември 2017 година.

4. Престанува да важи обврската на Министерството за животна средина и просторно планирање да доставува информации до Владата за проектот „Изработка на студии (FS,CBA), проектна документација и волум 3, 4 и 5 од тендерската документација за инвестициски проект за собирање на отпадните води во Општина Кичево“, со оглед дека Проектот е завршен.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за измена на одобрение за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Третман на отпадни води во Кочани“, ја усвои и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за повеќегодишна јавна набавка, согласно добиеното позитивно мислење од Министерство за финансии бр. 08-6493/2 од 25.7.2017 година.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Албанија за Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија за 2015 - 2017 година, за алокацијата за 2017 година - ИПА 2017/038-164, со усогласен текст на Спогодбата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Македонија и Република Албанија за Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија за 2015 - 2017 година, за алокацијата за 2017 година - ИПА 2017/038-164.

2. Го определи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Македонија и Република Албанија за Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија за 2015 - 2017 година, за алокацијата за 2017 година - ИПА 2017/038-164, по пат на Писмо замена за потпис.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање на Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија за 2015 - 2017 година, за алокацијата за 2017 година, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Македонија за

соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамките на оваа програма.

**Точка 26**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за одржан Тринаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, што се одржа на 25.4.2017 година во Брисел, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на основните комисии на Владата, поради потребата Секретаријатот за европски прашања да го усогласи новиот текст на предлог-заклучоците со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2016/1897 на Советот од 27 октомври 2016 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2016/1897 на Советот од 27 октомври 2016 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2016/1985 на Советот од 14 ноември 2016 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2016/1985 на Советот од 14 ноември 2016 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/496 на Советот од 21 март 2017 година за изменување на Одлука 2011/172/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Египет, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/496 на Советот од 21 март 2017 година за изменување на Одлука 2011/172/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Египет, (нов текст) во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/1341 на Советот од 17 јули 2017 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за

воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/1341 на Советот од 17 јули 2017 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 на Советот од 31 јули 2015 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и за укинување на Одлука 2011/137/ЗНБП, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информација и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки, согласно Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 на Советот од 31 јули 2015 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и за укинување на Одлука 2011/137/ЗНБП, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/1245 на Советот од 10 јули 2017 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/1245 на Советот од 10 јули 2017 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/621 на Советот од 31 март 2017 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/621 на Советот од 31 март 2017 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/607 на Советот од 29 март 2017 година за изменување на Одлука 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Босна и Херцеговина, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/607 на Советот од 29 март 2017 година за изменување на Одлука 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Босна и Херцеговина, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со Нацрт - текст на Протокол помеѓу Владата на Република Македонија и Владата

на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе и притоа заклучи:

1. Го усвои Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

2. Го прифати Нацрт-текстот на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, како основа за водење на преговори.

3. Се задолжува шефот и членовите на делегацијата на Република Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

4. Се овластува шефот на делегацијата на Република Македонија да го парафира текстот на Протоколот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Протоколот.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за КП 5310/1 КО Центар 1, ја усвои и притоа заклучи:

1. Донесе Одлука за престанување на важењето на Одлуката за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на Урбанистичко планска документација (КП 5310/1, запишана на Имотен лист бр. 54432 за КО Центар 1), бр.42-12557/1-15 („Службен весник на Република Македонија“, бр.13/2016).

2. Се задолжува надлежниот орган да ги преземе потребните активности за постапување по предметната Одлука.

## Точка 37

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за ИПА 2012 Рамковен договор проект „Изработка на физибилити студија и техничка спецификација за набавка на опрема за институциите од областа на правда и внатрешни работи“ и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни да ја иницира постапката за потпишување на заеднички Меморандум за размена на податоци, најдоцна до 10 ноември 2017 година.

2. Се задолжуваат институциите корисници - Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, а се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот, Државната

комисија за спречување на корупција и на Јавното обвинителство на Република Македонија, да потпишат заеднички Меморандум за размена на податоци, најдоцна до 10 ноември 2017 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства за вработување на најмалку двајца ИТ експерти за Државната комисија за спречување на корупција и Управата за финансиска полиција, врз основа на претходно доставено барање од страна на двете наведени институции, најдоцна до 15 јануари 2018 година.

4. Се задолжуваат институциите корисници - Министерството за правда, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, а се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот, Државната комисија за спречување на корупција и Јавното обвинителство на Република Македонија, да планираат најмалку 10% (годишно) од вредноста на целокупната набавка по институција за одржување на набавената ИКТ опрема во предлог-буџетот за 2019 година.
5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да планира најмалку 20% (годишно) од вредноста на целокупната набавка по институција како средства за одржување на набавената ИКТ и форензичка опрема (дополнителни 20% од постојниот буџет) во предлог- буџетот за 2019 година.

6. Се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот да потпише меморандум за разбирање со Министерството за правда за чување и одржување на опремата, најдоцна до 10 ноември 2017 година.

7. Се задолжуваат институциите корисници - Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, а се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија, да имаат обезбедено простор за физичка инсталација на хардверот и соодветно напојување за инсталација на хардверот, по склучување на договорот пред да се испорача опремата /индикативно, најдоцна до декември 2018 година.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за одржан Тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Република Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 14 март 2017 година, во Брисел и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, да достави информација за активностите преземени од страна на Европската мрежа на претпријатија во текот на 2016 година, за промоцијата на ХОРИЗОНТ 2020 и трансфер на технолошки услуги, како и за напредокот во имплементација на програмата Марија Склодовска - Кири за развојот на човечки капитал, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 25 октомври 2017 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да преземе чекори за подготовка и усвојување на национален акциски план за адресирање на приоритетите на Европската истражувачка област (ЕРА), земајќи ги за пример националните акциски ЕРА планови на други земји и за тоа да достави информација, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 декември 2017 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави информација за состојбата со акредитирани истражувачки лаборатории и стипендиите кои се доделуваат за технички науки, до Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 25 октомври 2017 година.

4. Се задолжува Министерството за здравство да достави одговор за мерките кои се преземаат во однос на изразената загриженост и препораките на Комитетот за човекови права и Комитетот за културни и социјални права на Обединетите нации, во врска со Законот за прекинување на бременост од 2013 година, до Секретаријатот за европски прашања на англиски јазик, најдоцна до 25 октомври 2017 година.

5. Се укажува на Центарот за управување со кризи да продолжи со неопходните подготовки и активности со цел воведување на бројот за итни повици 112, најдоцна до крајот на 2018 година.

6. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави информација за статусот и плановите за подготовка на долгорочна стратегија за информатичко комуникациски технологии, вклучително и временска рамка за усвојување, до Секретаријатот за европски прашања на англиски јазик, најдоцна до 30 декември 2017 година.

7. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави информација за статусот на подготовка на стратегија за широкопојасен интернет 2019 - 2023, до Секретаријатот за европски прашања на англиски јазик, најдоцна до 30 декември 2017 година.

8. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави информација за плановите за усогласување со Директивата (ЕУ) 2016/1148 на Европскиот парламент и на Советот од јули 2016 година, за мерките за високо заедничко ниво на сигурност на мрежи и информациски системи во Унијата, до Секретаријатот за европски прашања на англиски јазик, најдоцна до 30 декември 2017 година.

9. Се укажува на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да обезбеди информација за активностите што се преземаат за поттикнување на медиумската писменост, на англиски јазик, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30 декември 2017 година.

10. Се укажува на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да обезбеди информација за резултатите од ИПА проектот „Обезбедување опрема за мониторинг на медиумските содржини што го врши Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, на англиски јазик, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30 декември 2017 година.

## Точка 39

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог-одлука за повлекување на барања за извршување спрема припадници на Армијата на Република Македонија, за наредната седница на Владата.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот мај-јуни 2017 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за транспорт и врски во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител на Република Македонија во текот на месеците мај и јуни 2017 година, по кои сé уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за правда - Управата за извршување на санкции, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски и Министерството за информатичко општество и администрација, а се укажува на центрите за социјална работа и Агенцијата за иселеништво на Република Македонија во рок од 15 дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител на Република Македонија по кои сé уште не постапиле подолго од два месеци и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за месеците јули, август и септември 2017 година, во рок од пет дена да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

**Точка 41**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2017 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите во насока на имплементација на клучните мерки под димензијата Антикорупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, до крајот на октомври 2017 година да им укаже на основните училишта во Република Македонија, доколку немаат планирано активности поврзани со антикорупциска едукација во своите Годишни програми, за потребата од соодветно дополнување на Годишните програми за реализацијата на активностите поврзани со антикорупциска едукација.

2. Се задолжува Државниот просветен инспекторат, еднаш годишно по завршување на тековната наставна година да ја информира Владата за реализација на воннаставните активности.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за потпишаниот Протокол од Петтото заседание на македонско-кинеска комисија за научна и технолошка соработка, како материјал за информирање.

## Точка 45

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Галабовец-Бела Пола“ Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот „Галабовец-Нови Присад“, Општина Прилеп, од Трговското друштво за производство, трговија и услуги ОРТО МЕРМЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер ФИМАР БАЛКАН АД Скопје и ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот „Галабовец-Нови Присад“, Општина Прилеп, од Трговското друштво за производство, трговија и услуги ОРТО МЕРМЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер ФИМАР БАЛКАН АД Скопје, со заклучок во точка 4 наместо зборовите „од денот на влегувањето во сила на оваа одлука“ да стојат зборовите „по денот на склучување на договорот за пренос на концесија“, согласно новото Мислење на Министерството за финансии.

## Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за одбивање на Барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија, производство, услуги и угостителство „ТУРНИ“ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево за деловната просторија на ул. „Булевар Ослободување“ бр. 1, Кичево, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „ПУБЛИК БЕТ СПОРТ“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Наум Наумовски Борче“ бр.50/1, Скопје - центар.

## Точка 49

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување игри на среќа „ДЕЛТА БЕТ“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул. „Бул. Партизански Одреди“ бр.111/1-2 во Скопје.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за остварување на право на користење на службено возило на претседателот на Владата на Република Македонија на кој му престанала функцијата.

Истовремено, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да подготви и за наредната седница на Владата да достави Предлог-одлука за изменување на Одлуката за остварување на право на користење на службено возило на претседателот на Владата на Република Македонија на кој му престанала функцијата („Службен весник на Република Македонија бр. 68/2017), во насока на усогласување со постојната законска одредба за користење на едно возило за претседателот на Владата на Република Македонија на кој му престанала функцијата.

## Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „MILEX-2017“ во Обединетото Кралство (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 52

Владата ги донесе најновите текстови на:

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Делчево, во предложениот текст.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Скопје, во предложениот текст.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Радовиш, во предложениот текст.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Кавадарци, во предложениот текст и

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Гевгелија, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Здружението - Национален комитет на Меѓународниот Совет за споменици и локалитети - ИКОМОС во Македонија - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 54

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 70/1994, 62/1995, 33/1997, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 97/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014 и 147/2015), се уредува исплатата на платите и одделни надоместоци кај работодавачите со седиште во Република Македонија. Со Законот се врши ограничување во исплатата на платите кај работодавачите кај кои степенот на приватизација е под 51%. Одредбите на Законот не се однесуваат на работодавачите кај кои повеќе од 51% од средствата се во приватна сопственост.

Со член 3 од основниот текст на Законот се дава можност за корекција на платите до 50% од остварената стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот, во однос на претходниот месец, во рамки на обезбедените средства. Меѓутоа, со Законот не се дава можност за корекција на платите за корисниците на Буџетот на Република Македонија, јавните здравствени установи, корисниците на локалната самоуправа, буџетите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Агенцијата за државни патишта.

Со изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија во 2007 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.121/2007) беше дадена можност за корекција на платите за 10% и тоа во периодот од 2007 до 2009 година. Но предвидената корекција од по 10% во наредните три години не се реализира, затоа што секоја година, поконкретно пет пати се правеа измени на Законот, со што се одложуваше планираното покачување на платите.

Во 2014 година, наместо за 10%, платите се коригираа за 4%, почнувајќи со исплатата на платите за октомври.

Со доставениот Предлог-закон за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, се предлага додавање на нов член 3-в, со кој се предлага зголемување на платите за 5%, започнувајќи со исплатата за јануари 2018 година и 5% со исплатата за јануари 2020 година, вклучувајќи ги и вработените во јавниот сектор во поширока смисла.

Меѓутоа, во предлогот не се содржани причини и образложение за предложената коректива мерка. Уште повеќе не содржи квантифицирани фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија кои бездруго треба да се планирани во проекциите за наредната година и за следниот фискален период.

Ваквиот предлог не е на линија на посветеноста на Владата на Република Македонија за фискална консолидација на среден рок и намалување на јавниот долг.

Имајќи го предвид наведеното, се добива впечаток дека во изминатиот период не постоеше конзистентна и јасна политика за нивото и динамиката на платите во јавниот сектор, односно отсуствуваше сеопфатна законска рамка. Имено, досегашните решенија беа парцијални, демотивирачки за голем број на вработени во јавната

администрација кои се стручни и професионални, а немаа можност за кариерен развој и наградување.

И покрај тоа што беше препознаена потребата од изнаоѓање на системско решение, сепак тоа не се случи. Имено, во Стратегијата за јавната администрација (2011-2015) една од планираните мерки беше донесување на Закон за плати за вработените во јавниот сектор, но истата не беше реализирана. Освен системот на плати и надоместоци утврден во Законот за административни службеници, кој се однесува исклучиво на администрацијата, не се воспостави единствен и конзистентен систем кој би се однесувал на другите групи на вработени во јавниот сектор (даватели на јавни услуги, помошно технички лица и др.). За овие групи на вработени се применуваат различни модели на исплата на плати, главно базирани на колективни договори, со што не се надминува проблемот на демотивираност на задржување на квалитетните кадри во јавниот сектор. Наместо парцијални решенија, како што е содржано во Предлог-законот, неопходно е да се пристапи кон сеопфатна анализа за состојбите на платите и да се пристапи кон изработка на системско решение во кое, врз основа на консултативен и партиципативен пристап, ќе бидат понудени основни начела за утврдување на плати, но и можности за различни видови на надоместоци во зависност од спецификите на дејностите во јавниот сектор.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија, да не го прифати Предлог-законот за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 55**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување на Законот за заштита од пушењето, по скратена постапка, предложен од група пратеници.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 185 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија донесува Статут на кој согласност дава Собранието на Република Македонија.

Статутарна одлука Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ја донела заради усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14) во делот на начинот на избор на комисионерите и условите кои треба да ги исполнуваат, усогласување со Законот за вработени во јавен сектор за давање можност Комисијата да донесува акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места, како и заради промена на седиштето на Комисијата.

Имајќи во предвид дека со Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата се врши усогласување на Статутот на Комисијата со измените

на Законот за хартии од вредност и со Законот за вработени во јавниот сектор, Владата на Република Македонија нема забелешки по истата.

## Точка 57

Владата ја разгледа Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид и притоа го утврди следното мислење:

Врз основа на член 52 став 1 а во врска со член 9 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016), Сенатот на Универзитетот за информатичко општество и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид, на седницата, одржана на 15.6.2017 година, ја донел Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на Универзитетот со предлог Собранието на Република Македонија да даде согласност по истата.

По однос на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Универзитетот „Свети Апостол Павле“ во Охрид, а врз основа на доставените забелешки, се укажува на следното:

1. Во основот на Статутарната одлука треба да се додаде и бр. 120/2016 на „Службен весник на Република Македонија“ во кој е објавено изменувањето на Законот за високо образование.

2. Во членот 1 наместо податоците за седницата на Сенатот и дадената согласност од Собранието на Република Македонија, ќе треба да се наведе бројот и датата на донесување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид.

3. Во член 34 од Статутарната одлука, со кој се додава нов став 4 на членот 93 од Статутот, ќе треба да се утврдат критериумите врз основа на кои ректорот ќе ја утврди висината на надоместокот на членовите на комисиите, работните тела и групи кои ги формира ректорот за извршување и проучување на прашањата значајни за работата на Универзитетот.

4. Во членот 61 од Статутарната одлука, со која се менува членот 169 од Статутот, ќе треба да се наведе точниот назив на Комисијата.

5. Во членот 62 од Статутарната одлука, со која се менува членот 170 од Статутот, во ставот 5 ќе треба да се прецизира на кој ментор се мисли, ова со оглед дека во ставот 1 е пропишано дека менторството се организира преку двајца ментори - интерен и екстерен.

Исто така, горе наведеното ќе треба да се прецизира и во член 172 од Статутот.

Врз основа на изнесеното, Владата на Република Македонија смета дека со доставената статутарна одлука се вршат измени и дополнувања во насока на усогласување на членовите на Статутот со одредбите на Законот за високо образование, како и одредени доуредувања на членовите на Статутот со цел

подобрување на функционирањето и работењето на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид.

**Точка 58**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 8 став 1 од Законот за финансиска дисциплина, поднесено од пратеникот Хари Локвенец и притоа го утврди следново мислење:

Членот 8 став 1 од Законот за финансиска дисциплина, уредува дека доверителот има право на надоместок за доцнење при исполнувањето на паричната обврска од должникот во износ од 3.000 денари, доколку паричната обврска не е исполнета во роковите утврдени со членовите 5, 6, 6-а, 7 и 18 од овој закон, без претходно потсетување и опомена на должникот.

Според подносителот на Барањето, членот 8 став 1 од Законот за финансиска дисциплина не е јасен од аспект дали надоместокот за доцнење при исполнување на парична обврска од должникот претставува еднократен надоместок за вкупниот долг кој должникот го должи кон доверителот или овој надоместок се пресметува на секоја поединечна фактура по која должникот паднал во задоцнување без претходно потсетување и опомена, поради што бара негово автентично толкување.

Согласно член 4 став 1 точка 4 од Законот за финансиска дисциплина, паричната обврска е дефинирана како износ договорен како надоместок за испорака на стоки, давање на услуги и вршење на работи при што износот е наведен во деловен договор или фактура или друго соодветно барање за исплата.

Со членот 8 став 1 од Законот за финансиска дисциплина јасно е утврдено дека доверителот има право на еднократен надоместок во случај кога паричната обврска не е исполнета во утврдениот рок, независно од износот на долгот.

Притоа, не е потребно посебно потсетување или опомена од страна на доверителот кон должникот во врска со наплатата на надоместокот, исто како што не е потребно посебно нагласување во фактурата или друго соодветно барање за исплата на долгот, дека должникот во случај на доцнење со плаќањето покрај главниот долг, должи и казнена камата утврдена со закон. Како право на доверителот, од него зависи дали во постапката за наплата на долгот, ќе бара наплата на еднократниот надоместок или не, за секоја фактура која не е платена во утврдениот рок.

Имајќи го предвид горе наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го прифати Барањето поднесено од пратеникот Хари Локвенец кое се однесува на автентично толкување на член 8 став 1 од Законот за финансиска дисциплина, со оглед на тоа дека одредбите од Законот се јасни и прецизни.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.68/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 точка 9 потточка 2, член 18 став 2 точка 1, поднасловот „Законски застапник, ортак и привремен старател на оставина“, член 21, поднасловот „Постапка за утврдување на даночна гаранција“ и

член 83 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006, 105/2009, 133/2009, 145/2010, 171/2010, 53/2011, 39/2012, 84/2012, 187/2013, 15/2015 и 23/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот му предлага на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 4 точка 9 потточка 2, член 18 став 2 точка 1, поднасловот „Законски застапник, ортак и привремен старател на оставина“, член 21, поднасловот „Гаранција при откриен или неплатен данок и член 35-а, поднасловот „Постапка за утврдување на даночна гаранција“ и член 83 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2006, 105/2009, 133/2009, 145/2010, 171/2010, 53/2011, 39/2012, 84/2012, 187/2013, 15/2015 и 23/2016), (во понатамошниот текст: ЗДП), од причина што истите не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 112 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Подносителот на Иницијативата истакнува дека ЗДП претставува комплексен и сложен закон кој е повеќепати менуван и дополнуван, поради што, граѓаните на Република Македонија и другите субјекти немаат правна сигурност во државата.

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека за време на примената на Законот, Уставниот суд на Република Македонија неколкупати донел одлуки заведени како У.бр. 228/2006 од 11.7.2007 година, У.бр. 213/2007 од 31.1.2008 година, У.бр. 152/2008 од 11.2.2009 година и У.бр. 219/2008 од 30.6.2009 година, со кои се укинати или поништени одредбите од член 109, член 62 став 1, член 29, член 30 и член 44 став 2, член 178-б став 4 алинеја 4 и поднасловот „Гаранција на застапникот“ и поднасловот „Гаранција на застапуваниот“ од ЗДП кои директно засегаат во сега оспорените. Меѓутоа, во периодот кој следел законодавецот повторно со свои одредби ја регулирал спорната материја во Законот за даночна постапка.

Во врска со наводите од Иницијативата Владата смета дека со ЗДП, се уредува општото даночно право, постапката за утврдување на данок, постапката на контрола на данок, постапката на наплата на данок, правата и обврските на даночниот обврзник и други прашања од даночната постапка. Овој закон се применува на даноците, другите јавни приходи, на споредните даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи, како и на паричните казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, кривичните и управните постапки во корист на Република Македонија.

Во оспорената одредба од член 4 од ЗДП, се дадени дефинициите кои ќе се користат во понатамошниот текст од Законот. Точка 9 потточка 2 се однесува на даночниот обврзник кој гарантира за данок.

Според членот 18 став 2 точка 1 од ЗДП, друг даночен должник е даночен гарант кој одговара за плаќање на даночен долг на даночниот обврзник во случај кога даночниот обврзник тој долг не го плати во рокот до доспевање.

Според членот 21 од ЗДП, законскиот застапник на лице и работоводител на здружени лица заради остварување приходи и имот без својство на правно лице (ортаклук) и старател на наследник, ги исполнува даночните обврски на лицето кое го застапува. Ако здружените лица немаат работоводител или наследникот нема старател, обврските паѓаат на товар на здружените лица заеднички или на самиот наследник.

Според членот 35-а од ЗДП, за даночниот долг на даночниот должник, утврден со решение на Управата за јавни приходи или неплатен кај поведување на постапка за присилна наплата, наплатата со сиот свој имот ја гарантира лицето кое со своите одлуки влијаело врз стопанските активности на даночниот должник, од кои произлегол даночниот долг. Лице чии одлуки влијаат врз активностите на даночниот должник е лицето кое има удел во даночниот обврзник кој е должник, сразмерно на процентот на уделот, го застапува даночниот обврзник кој е должник, во висина која одговара на товарот кој произлегува од даденото овластување за застапување, има долг кон даночниот обврзник кој е должник, до висина на долгот кон него и го презема долгот, до висина на преземениот долг даден во нотарски заверената изјава. По исклучок за пристигнатиот а неплатен долг на даночниот обврзник кој е должник, настанат по основ на самооданочување или утврден од страна на Управата за јавни приходи, лицата од ставот (2) алинеи 1 и 2 на овој член не се гаранти за неплатениот данок, доколку докажат дека биле оневозможени за плаќање на пристигнатиот данок поради претходно нерешено правно прашање за кое е надлежен државен орган или суд. Со решение донесено во постапка за утврдување на даночна гаранција од членот 83 од овој закон, Управата за јавни приходи го определува лицето кое по одредбата од ставот 2 на овој член гарантира за даночниот долг.

Според членот 83 од ЗДП, лицето кое гарантира согласно со членовите од 29 до 34 на овој закон за туѓи даночни долгови, се задолжува со решение за гаранција, за кое соодветно важат одредбите за даночно решение. Даночно решение не може да се донесе, доколку даночното побарување против главниот должник е застарено или истото не постои.

Во контекст на горенаведеното, а по однос на владеењето на правото како темелна вредност прецизирана во Уставот на Република Македонија, како и фактот дека ЗДП е донесен во потполна усогласеност со Уставот на Република Македонија, а во врска со работењето на Уставниот суд на Република Македонија укажуваме дека со донесување на Законот за даночна постапка во Република Македонија е создаден механизам кој треба да ја подобри фискална дисциплина, а во исто време да влијае во насока на спречување на нелојалната конкуренција, пред се во однос на оние субјекти кои редовно ги плаќаат своите давачки и навремено ги исполнуваат своите даночни обврски. Ова, следејќи го примерот на даночната регулатива и даночната политика во земјите во регионот и пошироко.

Основот за ова е содржан во член 33 од Уставот на Република Македонија, според кој секој е должен да плаќа данок и други давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Во таа насока, доколку се анализираат изнесените законски одредби може да се забележи дека интенција на законодавецот била со оспорените одредби да се допринесе кон наплатата на пристигнати и неплатени даночни долгови од страна на даночните должници, како и заштита на даночните побарувања кои ги има државата од страна на физички и правни лица. Затоа, во случај да не е можно да се реализира даночната обврска, пропишани се оспорените законски норми со цел темелно, целисходно и целосно да се заштити државата од неплаќачите и неплаќањето на данок. Во конкретниот случај, Буџетот на Република Македонија треба да биде најмалку оптимално подмирен, како што е предвидено секоја година кога истиот се донесува од страна на Собранието на Република Македонија.

Затоа Владата смета дека пропишаните правни правила по однос на даночната гаранција или пак даночен гарант не значи повреда на уставното начело на владеењето на правото и правната сигурност на граѓаните како што наведува подносителот, бидејќи јасно е дека таквата обврска е во функција на обезбедување поголема фискална дисциплина во однос на плаќањето на јавните давачки како општа обврска на сите субјекти, која основот го црпи од член 33 од Уставот на Република Македонија.

Владата смета дека подносителот на Иницијативата го занемарува и воопшто не го споменува фактот дека постојат лица кои се фискално одговорни и редовно ги плаќаат своите даночни обврски во однос на оние субјекти кои не ги исполнуваат или нередовно ги исполнуваат истите, така што Управата за јавни приходи има право да преземе мерки за фискална дисциплина и редовна наплата на давачките. На овој начин не се нарушува еднаквоста на граѓаните туку напротив се влијае и се обезбедува нејзино остварување во однос на сите граѓани и субјекти кои вршат дејност на пазарот. Истовремено, со тоа се спречува и појавата на нелојална конкуренција, односно се гарантира еднаквата правна положба на сите субјекти.

Според сето горенаведено, јасна е оправданоста за постоење на ваков тип на механизам предвиден во ЗДП и истиот има за цел да влијае позитивно врз наплатата на јавните приходи.

Исто така се укажува дека, при разгледувањето на Иницијативата ќе треба да се имаат предвид и наводите од Иницијативата во кои се предлага до донесување на конечна одлука, врз начелата на приоритет и итност (член 50 став 1 од Уставот на Република Македонија), Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорените законски одредби, од причина што Владата смета дека членот 4 точка 9 потточка 2, членот 18 став 2 точка 1, поднасловот „Законски застапник, ортак и привремен старател на оставина“, членот 21, поднасловот „Гаранција при откриен или неплатен данок и членот 35-а, поднасловот „Постапка за утврдување на даночна гаранција“ и членот 83 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2006, 105/2009, 133/2009, 145/2010, 171/2010, 53/2011, 39/2012, 84/2012, 187/2013, 15/2015 и 23/2016) се во согласност со Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое предметната Иницијатива ќе ја отфрли како неоснована.

## <u>Точка 60</u>

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015 и 27/2016), поднесена од Адвокатско друштво Тошиќ и Јефтиќ од Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на иницијативата наведува дека поведува постапка за оценување на уставност и законитост член 230 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување бидејќи наведената одредба е спротивна на член 8 став 1 точка 8, член 9, член 34, член 35 како и член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија. Имено со оспорената законска одредба предвидено е дека износот на највисоката старосна

пензија по 2015 година може да биде повисока, а во исто време на осигурениците кои до 2015 година го оствариле правото на старосна пензија да не можат по стапувањето на поповолната законска одредба да извршат остварување на ова право. Со ваквата законска одредба се постигнува иста група на граѓани да се стават во нееднаква положба.

Согласно наводите во Иницијативата, несогласноста на оспорениот член од Законот со наведените уставни одредби подносителот ги заснова на толкување дека на осигурениците кои оствариле право на старосна пензија до 2015 година им е ускратено правото на примена на одредбата дека по 2015 година највисокиот износ на старосна пензија е повисок и истите не се во можност да го остварат повисокиот износ на највисока старосна пензија, поради што подносителот смета дека со овој член се нарушувало начелото на социјалната праведност утврдено во членот 35 став 1 од Уставот затоа што на една група на граѓани не им се овозможувало старосната пензија да ја остварат во износ кој би им припаѓал и по 2015 година. Поради тоа, овие граѓани со оспорената одредба истовремено се ставале и во нерамноправна положба во однос на другите граѓани, што не било во согласност со членот 9 од Уставот.

Согласно член 8 став 1 точка 8 од Уставот на Република Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се меѓу другите и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Согласно член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Согласно член 35 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани. Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Согласно член 52 став 4 од Уставот, Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Согласно член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16), за осигурениците кои не пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, највисоката пензија не може да изнесува повеќе од 80% до 2015 година, а по 2015 година не повеќе од процентите утврдени во членот 52 став (1) од овој закон од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати (став 1).

Определената највисока пензија од ставот (1) на овој член повторно не се определува и понатаму се усогласува со процентот со кој се усогласуваат и другите пензии (став 2).

Согласно член 2 став (1) алинеја 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување системот на пензиското и инвалидското осигурување меѓу другото е составен и од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, односно втор столб. Задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување поблиску се уредени со посебни закони.

Согласно член 3 од истиот закон, со вториот пензиски столб се остваруваат правата согласно со законот кој го уредува задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Согласно член 4 од истиот закон правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон.

Согласно наведените уставни и законски одредби произлегува дека законодавецот има уставен основ да го определува нивото на социјалната сигурност на граѓаните, па определувањето на висината на пензијата е во рамките на неговите уставни овластувања во оваа сфера.

Според основните одредби на Уставот на Република Македонија, Република Македонија покрај другото е и социјална држава, а како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Во Република Македонија пензиско и инвалидското осигурување како област е уредено со Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15 ,147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, и 132/16), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08,48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 44/14, 192/15 и 30/16), Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 17/11 и 13/13) и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/12, 147/15 и 30/16).

Од 1 јануари 2006 година започна да се имплементира реформираниот пензиски систем, како важен сегмент од социјалната политика на Република Македонија. Во пензискиот систем се внесе и капитално финансирана компонента, односно покрај државната пензија се создава и правна рамка за остварување и на ануитет во зависност од уплатениот придонес и приносот остварен во текот на работниот век. Законот за пензиското и инвалидското осигурување се заснова на начелата на правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните согласно член 34 од Уставот на Република Македонија, начелото на социјална праведност за осигурениците и корисниците на права од пензиско и инвалидско осигурување и членовите на нивните семејства. Исто така, во овој закон е содржано и начелото на генерациска солидарност, покрај капитално финансираната компонента. Оттука неосновани се наводите во иницијативата дека Законот за пензиското и инвалидското осигурување не одговара на уставниот концепт за социјална праведност пред се поради фактот што во член 3 од Законот е дефиниран опфатот на правата преку социјалната праведност и генерациската солидарност. Понатаму во останатите

одредби детално се разработуваат сите права од пензиското и инвалидското осигурување.

Со членот 230 и понатаму се задржува институтот највисока пензија и тоа за осигурениците кои нема да пристапат во капитално финансирано пензиско осигурување (II пензиски столб). Единствена измена кај највисокиот износ на старосна пензија е нејзиното постепено намалување и тоа по 2015 година, но не повеќе од процентите утврдени со членот 52 од Законот кои се однесуваат на определување на висината на инвалидската пензија во случај на повреда на работа. Истовремено, намалувањето на процентите при определување на највисокиот износ на пензија се резултат на параметричките реформи, при што за осигурениците кои ќе останат во системот на задолжително пензиско и инвалидско осигурување се постепено намалува процентот за определување на висината на старосната пензија. Ова решение беше содржано и во претходниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, кој се применуваше до 8 август 2012 година, односно членот 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Во текстот на иницијативата подносителот навел дека со оспорените законски одредби се нарушувало уставното начело на социјална праведност, но согласно наведените законски одредби произлегува дека оспорената законска одредба е одраз токму на ова начело, а истовремено и на социјалниот карактер на Република Македонија утврден во член 1 од Уставот, како и на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија - хуманизмот, социјалната правда и солидарноста утврдени во членот 8 од Уставот. Имено, утврдувајќи ја највисоката пензија законодавецот се раководел токму од начелото на социјалната праведност со цел во случај на настапување на некој од осигурените случаи (старост, инвалидност и смрт на осигуреникот), пензијата на одделни работници, односно осигуреници да се определува зависно од реалните финансиски можности на Републиката, а не од нивната пензиска основа, а притоа и со вака определената пензија на оваа категорија граѓани да не им се наруши материјалната и социјалната сигурност.

Освен тоа, ако оспорениот член од Законот интегрално се интерпретира со членот 226 од истиот закон, според кој на корисниците кои правата од пензиското и инвалидското осигурување ги оствариле пред денот на влегување во сила на овој закон, тие права се обезбедуваат и по денот на примената на овој закон во ист обем и висина и се усогласуваат според одредбите на овој закон, сосема е јасно дека со оспорениот член не се врши намалување, односно ограничување на највисоката пензија на корисниците туку напротив, со него се утврдува нов режим за определување на највисоката пензија, кој ќе важи во иднина, за идните пензионери

Ова дотолку повеќе што Уставниот суд на Република Македонија веќе донел Решение У.бр. 142/2012 од 14.11.2012 година со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на членот 230 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Тргнувајќи од тоа дека оспорените одредби од член 230 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16) се во согласност со член 8 став 1 точка 8, член 9, член 34, член 35 и член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за

поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 став 2 од наведениот закон.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 10140 за КО Сарај на КП бр. 13139, доставена од нотар Симон Зафировски од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.143 за КО Бардовци на КП 2126, место викано Село, од нотар Лазар Козаровски од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.9868 за КО Сарај на КП бр.11801, викано место улица Сарај и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симон Зафироски од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, со Имотен лист бр.44607 за КО Кисела Вода 2 на КП 6760 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата ја одложи од разгледување Понудата доставена од нотар Иво Серафимоски од Тетово за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.35134 за КО Тетово на КП бр.13542 за наредната седница на Владата, поради потребата АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави мислење по истата.
Материјалот претходно да се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика

**Точка 66**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.6996 за КО Штип 1 на КП бр.1354/2 и КП бр. 1354/3 в.м. Дерман Чифлик, поради потребата АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и Општина Штип да доставaт мислења по истата.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери Скопје за продажба на недвижен имот, со имотен лист бр.6489 КО Волково на КП бр.1894 и не ја прифати Понудата

имајќи го предвид Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 68**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Антончо Коштанов именуван за подрачјето на Основниот суд Скопје 1 и Скопје 2 за Заклучок за прва усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), доставен под И.бр.489/16, од 30.8.2017 година, Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), доставен под И.бр.489/16, од 29.9.2017 година, со Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став (4) од Законот за извршување) доставен под И.бр.489/16, од 26.9.2017 година и по Известувањето ги усвои мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 69**

Владата го разгледа Налогот за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) под И бр.206/16, доставен од извршител Игор Ромевски од Скопје и по Налогот ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Мислењето на Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи.

**Точка 70**

**1.** Владата ја констатира оставката на Катерина Јакимовски, од должноста член на Одборот на директори на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, на нејзино барање.

**2.** Владата ги одложи од разгледување за наредната седница предлозите за именување на вршители на должност членови на управни одбори претставници од советите на општини на (ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани, ЈУ Центар за социјална работа Валандово, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе и ЈУ Центар за социјална работа Виница).

**3.** Владата го разреши Александар Трајковски од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија“ - Скопје, на негово барање.

**4.** Владата го разреши Ѓорги Георгиевски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, на негово барање.

**5.** Владата го разреши Благој Коларов од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Велес, на негово барање.

**6.** Владата ја разреши Силвана Филипова од должноста член на Управниот одбор-претставниик на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, на нејзино барање.

**7.** Владата ја разреши Елена Начевска од должноста член на Управниот одбор на ЈП за берзанско работење „Агро Берза“ со П.О. - Скопје, на нејзино барање.

**8.** Владата ја разреши Павлина Ѓорева-Смилевска од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје, на нејзино барање.

**9.** Владата ја разреши Родна Цуцулова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, на нејзино барање.

**10.** Владата го разреши проф. д-р Ненад Гавриловиќ од должноста вршител на должноста член на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права, на негово барање.

**11.** Владата го разреши Ацо Јаневски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, на негово барање.

**12.** Владата ја разреши Валентина Ивановска од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ - Скопје, на нејзино барање.

**13.** Владата за претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија ги именува:

а) за претседател:
- м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура

б) за генерален секретар:
- м-р Биљана Прентовска

в) за членови:
- Никола Димитров, министер за надворешни работи
- Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања
- проф. д-р Рената Тренеска Дескоска, министер за образование и наука
- Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање
- академик Луан Старова
- академик Катица Ќулавкова
- проф. д-р Никола Јанкуловски
- проф. д-р Вулнет Амети
- проф. д-р Атанас Вангелов
- режисер Александар Поповски
- проф. д-р Сефер Тахири
- проф. д-р Владимир Мартиновски
- м-р Маја Стевановиќ
- доц. д-р Румена Бужаровска
- проф. д-р Никос Чаушидис
- Даниела Николова
- проф. д-р Елеонора Петрова

- м-р Маја Чанкуловска Михајловска
- проф. д-р Замир Дика
- проф. д-р Сашо Коруновски
- проф. д-р Блажо Боев
- Никола Писарев
- д-р Сафет Ахмети.

## Точка 71

**1.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник Ден на македонската револуционерна борба „23 Октомври", заклучи:

1) Во Делегацијата на Владата на Република Македонија што ќе положи свежо цвеќе на споменикот „Гоце Делчев" во Градски парк - Скопје, на 23 октомври 2017 година во 10:30 часот, наместо д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, да биде д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, а наместо м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, да биде Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

2) Се препорачува на Општина Центар веднаш да организира набавка на хемиски средства и чистење на споменикот „Гоце Делчев" во Градскиот парк.

3) Се задолжува Министерството за внатрешни, да спроведе мерки и активности за обезбедување на споменикот „Гоце Делчев" во Градскиот парк.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за задолжителна контрола при приемот на горивото за затоплување на работните простории во сите државни и јавни установи и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат сите министерства, а преку нив се укажува на сите директори или други раководни лица во државните и јавните установи на централно и локално ниво - детски градинки, воспитно-образовни институции (училишта, факултети, институти), здравствени и други установи, кои за загревање на работните простории користат нафта (мазут), да вршат задолжителна контрола при приемот на горивото од добавувач кој поседува сертификат за потекло и хемиски состав на нафтата (мазут), согласно законската регулатива.

2) Се укажува на сите одговорни лица на државните органи, со цел пресретнување на негативната пракса досега, да организираат неопходна внатрешна процедура која подразбира задолжително мерење на полната и истоварената цистерна на баждарена вага, земање примерок и негово евидентирање при секој истовар заради утврдување на квалитетот на горивото кој што стои кај договорниот орган.

Истовремено, се укажува за постојана контрола на точноста на извршените горенаведени мерења и придржување кон неопходната процедура.

**3.** По повод Заклучокот донесен на 31-та седница на Владата, одржана на 10.10.2017 година, по точка 74: Прашања и предлози, а во врска со постапката за експропријација на земјиштето каде е планирана изградбата на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, ги

информира членовите на Владата за текот на активностите кои се преземаат во врска со ова прашање.

**4.** По повод блокадата на јужната граница на Република Македонија со Република Грција, Владата го задолжи Министерството за надворешни работи веднаш итно да ги извести сите соодветни институции (Европската комисија и Светската трговска организација) за блокадата на јужната граница од страна на Република Грција, односно дека станува збор за прекршување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 8.10.2017 година до 14.10.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**6.** По повод укажувањето на министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, а во врска со малиот број на апликанти за користење на средствата од Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за економија да ги информира синдикатите, текстилните и кожарските кластери, како и другите стопански субјекти за оваа Програма на Владата.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за пројавен интерес за користење стручна помош од странски експерти на третиот Јавен повик на проектот „Странски експерти за домашни компании“, како материјал за информирање.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани“, како материјал за информирање.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за иницијативи за склучување на билатерални спогодби, меморандуми за разбирање и соработка во воздушниот транспорт со воздухопловните власти на земјите од Европската Унија и светот, како материјал за информирање.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот - Изградба на карго аеродром во Штип, како материјал за информирање.

## Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот Спортска академија за периодот јануари - август 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот “Стипендии на средношколци кои ќе освојат награда на научна олимпијада" јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни олимпијади (International Science Olympiad) (од 23.9.2016 до 31.8.2017 година), како материјал за информирање

## Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за именување на нов шеф на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО - (Група на држави против корупција) на Совет на Европа, со Предлог-решенија (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе Решението за престанување на важењето на Решението за именување на шеф на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО (Група држави против корупција) на Советот на Европа, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за именување на шеф на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа, во предложениот текст.

3. Се задолжува Министерството за правда, како носител на активностите за координација со ГРЕКО, во рок од 10 дена од усвојувањето на оваа информација, преку Министерството за надворешни работи, да го извести Секретаријатот на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа за именувањето на д-р Ана Павловска-Данева за шеф на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа.

## Точка 79

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици Роми запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2017/2018 година, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за образование и наука до Владата да достави Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2017 година (за да се утврдат неопходните средства за стипендиите наменети за ученици роми), а потоа да се достави Предлог-одлука изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите за ученици запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2017/2018 година.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за изнаоѓање на решение за состојбите во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, во државна сопственост и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата финансиски ќе го поддржи Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, со цел воспоставување на редовен тек на работите во Друштвото.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и Министерството за финансии, во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да изнајдат соодветно решение за надминување на проблемите со финансиските средства во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп и за наредната седница на Владата да доставатконкретен предлог.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**